EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ПРВ ОДДЕЛ

# СЛУЧАЈ СЕЈДИЈИ v. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*(Жалба број 8784/11)*

ПРЕСУДА

СТРАЗБУР

7 Мај 2018

*Оваа пресуда е конечна, но може да биде предмет на редакциски измени.*

**Во предметот на Сејдији v. Република Македонија,**

Европскиот суд за човекови права (Прв Оддел) во Совет составен од:

Kristina Pardalos, *Претседател,*
Pauliine Koskelo,
Tim Eicke, судии,
и Renata Degener, *Заменик секретар на Одделот,*

Расправаше на нејавна седница на 15 Мај 2018 година
Ја донесе следнава пресуда, која беше усвоена на истиот датум:

## ПОСТАПКА

1. Постапката започнала со жалба (бр.8784/11) против Република Македонија поднесена до Судот според Член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (“Конвенцијата”) од страна на македонски државјанин, Г-дин Бајруш Сејдији (“жалителот”) на 7 Февруари 2011 година.

2. Жалителот е застапуван од Г-ѓа Н. Најденова Левик, адвокат од Скопје. Македонската влада (“Владата”) е застапувана од нејзиниот агент Г-дин К. Богданов наследен од Г-ѓа Д. Џонова.

3. Жалителот особено се жали дека немало релевантни и доволни причини за неговиот продлжен притвор, спротивно на Член 5 § 3 од Конвенцијата.

4. На 3 Јули 2014 година, горенаведената жалба е доставена до Владата, а остатокот од жалбата е отфрлена како недозволена.

## ФАКТИ

### I. ОКОЛНОСТИ НА СЛУЧАЈОТ

5. Жалителот е роден во 1968 година и живее во Куманово.

6. Жалителот бил во притвор од 21 Октомври 2008 година во врска со постапките (КОК бр.3/09) под сомневање за злосторничко здружување и злоупотреба на службената положба и овластување кога, на 26 Декември 2009 година, истражниот судија на Основниот суд Скопје (“судечкиот суд”) отворил нова истрага против него и четиринаесет други лица. Новата истрага се однесувала на наводно злосторничко здружување, злоупотреба на службена положба и изнуда поврзана со наводно перење на пари и незакосно стекнување на имот (КОК бр.17/10).

7. Истовремено истражниот судија наредил жалителот да биде задржан во притвор за период од триесет дена, почнувајќи од 25 Декември 2009 година. Наредбата се однесувала и на другите тринаесет осомничени и се засновала на сите три основи предвидени во член 199 (1) од Законот за кривична постапка, Службен Весник бр.15/2005 – "Законот"), и тоа ризик од бегство, повторување на делото и влијание врз истрагата. Во однос на ризикот од бегство и повторување на делото, судијата се повикал на сериозноста на делата, потенцијалната казна, околностите во кои се сторени делата и поврзаноста помеѓу осомничените. Таа понатаму, наведува дека постои ризик за попречување на истрагата доколку осомничените биле пуштени, бидејќи истрагата само што започнала и голем број на истражни дејствија требале да се спроведат, меѓу кои и испитување на сведоци.

8. Жалителот вложил жалба, наведувајќи дека веќе бил задржан во притвор во врска со други кривични постапки и причините дадени од истражниот судија не се релевантни и доволни за да се оправда уште една наредба за притвор.

9. На 30 Декември 2009 совет на судечкиот суд составен од тројца судии, ја одбил жалбата на жалителот и ги потврдил наводите на истражниот судија. Во однос на ризикот од бегство, советот на судечкиот суд, покрај сериозноста на обвиненијата и потенцијалната казна, ги земал предвид и фактот дека жалителот и претходно доаѓал "во судир со законот" и фактот дека против него истовремено се воделе кривични постапки за слични дела. Советот сметал дека фактот што жалителот имал семејство и три малолетни деца не гарантира негово присуство за време на постапките. Советот ја имал предвид наредбата за притвор во другите постапки, но сметал дека се работело за два различни и независни сета на кривични постапки. Во светло на сите околности, судот сметал дека е оправдано повторното продолжување на притворот на жалителот.

10. На 21 Јануари 2010 година совет составен од тројца судии наредил продолжување на притворот за уште триесет дена за жалителот и некои од другите осомничени. Продолжувањето било наредено врз основа на сите три основи од законот. Советот ја засновал својата одлука на истите причини од претходно. Исто се осврнал на имотот на жалителот во тужената држава и сметал дека, со оглед на околностите, немало доволно гаранции дека ќе биде обезбедено неговото присуство за време на постапките.

11. Жалбите на жалителот биле одбиени од страна на Апелациониот суд Скопје ("Апелационен суд Скопје") на 8 Февруари 2010 година. Апелациониот суд повторил дека сериозноста на обвиненијата, сериозноста на казната и фактот дека осомничените делувале како добро организирана група претставува ризик за бегство и повторување на делото доколку апликантот бил пуштен на слобода. Понатаму судот наведува дека постоел ризик за влијание врз истрагата

со оглед на фактот дека некои од сведоците и осомничените кои се уште биле на слобода, не биле испрашани.

12. На 22 Февруари 2010 година совет од тројца судии донел наредба за уште едно триесет дневно продолжување на притворот на жалителот врз основа на истите причини како и претходно.

13. На 23 Март 2010 година апликантот и другите осомничени биле обвинети пред Основниот суд Скопје. Жалителот бил обвинет за перење пари, злоупотреба на службена положба и изнуда. Во текот на постапката, јавниот обвинител го повлекол обвинението за злоупотреба на службена положба и го изменил обвинението од изнуда во насилство.

14. На 24 Март 2010 година совет од тројца судии донел наредба за продолжување на уште триесет дена на притворот за апликантот и другите обвинети. Советот го исклучил ризикот за мешање во истрагата од листата на основи за наредениот притвор бидејќи истрагата била завршена и било покренато обвинение. Судот ги повторил аргументите кои го оправдуваат притворот на апликантот врз основа на постоење ризик од бегство и повторно сторување на делото.

15. На 12 Април 2010 година Апелациониот суд делумно ја преиначил одлуката на советот во насока на нејзината поткрепа во можноста за повторно сторување на делото. Судот сметал дека не постои ризик за повторување на делото со оглед на тоа што апликантот и неговиот сообвинет биле притворени. Сепак, Апелациониот суд ги потврдил наводите на советот во однос на ризикот од бегство и заземал став дека продолжувањето на притворот е оправдано ако се земе предвид сериозноста на обвинението и потенцијалната казна.

16. Совет од тројца судии наредил повторно продолжување на притворот на жалителот и останатите со-обвинети на 23 април, 19 мај, 21 јуни, 22 јули, 20 август, 20 септември, 20 октомври, 18 ноември, 17 Декември 2010 и 17 јануари 2011 година. Во сите наредби советот го даде следното образложение во однос на ризикот од бегство:

> “ Материјалните и усмените докази изведени до сега го потврдуваат основаното сомневање дека обвинетите ги извршиле кривичните дела за кои се обвинети. Имајќи ги предвид природата, карактерот и видот на кривичните дела за кои се обвинети обвинетите, како и сериозноста на обвиненијата и потенцијалната казна... советот смета дека постои сериозен ризик од бегство ако обвинетите се пуштат на слобода. Ризкот од бегство, понатаму се потврдува од финасиските прилики на [обвинетите] ... [апликантот] ... бил во судир со законот... Советот го земал предвид и фактот дека обвинетиот има семејство и деца и дека [апликантот] има недвижен имот на свое име, но смета дека фамилијата на обвинетиот и неговата материјална состојба не се доволна гаранција за неговото присуство на судењето...”

17. Жалителот се жалел против одлуките за продолжување, тврдејќи дека, помеѓу другото, советите не дале доволно причини за да го докажат ризикот од негово бегство, иајќи предвид дека тие

единствено се потпираат на обвиненијата и потенцијалната казан. Советите се осврнале на неговата семејна состојба и имотот, без да дадат образложение зошто сметаат дека овие околности не се доволна гаранција за неговото присуство на судењето. Последно, жалителот барал замена на притворот со полесна мерка, како домашен притвор.

18. Апелациониот суд ги одбил жалбите, наведувајќи дека советот од тројца судии дал доволно образложени причини за продолжениот притвор на апликантот. Во одлуките од ден 13 мај и 16 декември 2010 година, Апелациониот суд наведува:

> "Судот смета дека околностите поврзани со видот, сериозноста и специфичните околности на кривчните дела за кои обвинетите се обвинети, начинот на кој се извршени кривичните дела и висината на казната, укажуваат на ризик од бегство доколку обвинетиот е пуштен, со намера да избегне евентуална кривична одговорност за кривичните дела кои се предмет, како што првостепениот суд правилно утврдил, давајќи доволно образложени причини, што за овој суд е прифатливо. Во таа насока, наводите дадени од обвинетиот во жалбата не се релевантни и не можат да бидат прифатени како доволен доказ дека доколку обвинетиот е ослободен нема да избега. Во таа насока, судот го зема предвид барањето на обвинетиот притворот да биде заменет со домашен притвор или друга полесна мерка... но судот го одби ова барање бидејќи, во оваа фаза од постапката, притворот е единствена ефективна мерка да се исклучи ризикот од бегство на обвинетиот..."

19. Во меѓувреме, жалителот имал неколку неуспешни барања да биде пуштен со кауција. На 14 мај 2010 година тој поднел барање до Основниот суд Скопје мерката притвор да биде заменета со негово ослободување со кауција. Како гаранција понудил недвижен имот во сопственост на трети лица, со проценета вредност во износ од 860,221 евра (ЕУР) и понудил да го даде својот пасош во судот како гаранција.

20. На 26 мај 2010 година совет од тројца судии го одбил барањето за кауција на жалителот. На 3 јуни 2010 година Апелациониот суд ја одбил жалбата на жалителот и ја потврдил одлуката на советот. Судот сметал дека понудената гаранција од жалителот не е доволна да го обезбеди неговото присуство за време на постапките, имајќи предвид сериозноста на обвинението, потенцијалната казна и сложеноста на постапката со многу обвинети и обемен доказен материјал. Судот исто така го истакна фактот дека жалителот бил обвинет во првостепена постапка во друг сет на кривични постапки за слични обвиненија.

21. На 23 Јули 2010 година жалителот повторно поднел барање за ослобдување со кауција бидејќи неговата сопруга имала операција и не била способна да се грижи за нивните деца. Како обезбедување понудил недвижен имот во сопственост на други лица (заедно со писмени изјави од сопствениците заверени на нотар), со проценета вредност на 1,230,614 ЕУР. Дополнително, уште едно лице се понудило да даде судски депозит во износ од 100,000 ЕУР.

22. На 6 август 2010 година совет од тројца судии го одбил барањето на жалителот, наведувајќи дека природата и износот на кауцијата која ја понудил жалителот не давала доволно гаранции за неговото присуство за време на постапките. На 30 септември 2010 година Апелациониот суд ја одбил жалбата на жалителот, потпирајќи се на сериозноста на обвиненијата, висината на казната и сложеноста на постапките. Судот исто така го имал предвид и минатото на жалителот да биде во судир со законот и фактот дека бил осуден за слични дела од првостепен суд во други кривични постапки.

23. На 25 Октомври 2010 жалителот повторно поднел барање за ослободување со кауција. Тој понудил недвижен имот во сопственост на други лица во проценета вредност од 1,230,614 ЕУР и судски депозит во износ од 110,000 ЕУР. На 10 ноември 2010 година советот составен од тројца судии повторно го одбил барањето за кауција, потпирајќи се на сериозноста на обвиненијата и висината на казната. Дополнително, навел дека жалителот веќе бил осуден во други кривични постапки на казна затвор, иако таа одлука била сеуште во постапка по жалба. Фактот дека жалителот имал семејство и имот во тужената држава не давало доволно гаранција за неговото присуство за време на постапките. Последно, жалителот бил советуван дека може да поднесе жалба против одлуката до Апелациониот суд.

24. Жалителот вложил жалба против одлуката на советот. На 6 Декември 2010 година Апелациониот суд Скопје ја уважил жалбата и ја преиначил одлуката на советот. Судот одобрил кауција како што е побарано и наредил жалителот да биде ослободен од притворот кога ќе биде депонирана гаранцијата. Понатаму, одлучил жалителот да биде во домашен притвор. Апелациониот суд сметал дека понудената кауција била доволна гаранција за присуството на жалителот за време на постапките, имајќи ги предвид неговите лични околности и сериозноста на обвиненијата.

25. На 9 декември 2010 година јавниот обвинител поднел барање за заштита на законитоста до Врховниот суд. На 10 декември 2010 година Врховниот суд го уважил барањето на јавниот обвинител и ја преиначил одлуката на Апелациониот суд од 6 декември 2010 година, одлучувајќи дека жалбата на жалителот била недопуштена. Врховниот суд навел дека Законот за кривична постапка експлицитно ја исклучува можноста на жалба против решение на совет со кое се одбива барање за ослободување. Соодветно, Апелациониот суд немал законска основа да одлучува по жалбата на жалителот и требал истата да ја отфрли како недопуштена.

26. На 26 јануари 2011 година Основниот суд Скопје го огласил жалителот за виновен за сите обвиненија и го осудил на казна затвор во времетраење од дванаесет години. Судот исто така одлучил дека тој треба да остане во притвор до правосилноста на одлуката. Одлуката била потврдена во постапката по жалба.

## II. РЕЛЕВАНТНО ДОМАШНО ПРАВО

27. Детален опис на релевантното домашно право е дадено во одлуката на Судот во случајот на *Vasilkoski and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia* (no. 28169/08, §§ 29-35, 28 October 2010).

# ПРАВО

## I. НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕНОТ 5 § 3 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

28. Жалителот се жалел дека домашните судови не дале релевантни и обазложени причини за неговото континуирано продолжување на мерката притвор. Тој се повикал на Членот 5 § 3 од Конвенцијата кој гласи:

> "3. Секое лице уапсено или притворено според одредбите на став 1 (c) од овој Член мора веднаш да биде изведено пред судија или друго судско лице, со закон овластено да врши судска власт, и да има право на судење во разумен рок или на пуштање на слобода во текот на судската постапка. Пуштањето може да се услови со давање гаранција дека тоа лице ќе се појави на судењето."

### A. Допуштеност

29. Судот забележува дека оваа жалба не е очигледно неоснована во смисла на членот 35 § 3 (a) од Конвенцијата. Понатаму, забележува дека не е недопуштена по било која друга основа. Од тие причини мора да се прогласи за допуштена.

### B. Основаност

*1. Поднесоци на страните*

**(a) Жалителот**

30. Жалителот тврдел дека домашните судови не дале доволно причини како би се оправдало неговото континуирано продожување на притворот. Тие одлучиле за продолжување на притворот во поглед на жалителот и друг обвинет со една одлука, употребувајќи стереотипна формулација без индивидуализација на аргументите. Судовите го процениле ризикот од бегство *in abstracto* и не успеале да дадат конкретни докази или причини за оправдување на понатамошното продолжување на притворот исклучиво на овие основи, освен на

сериозноста на запретената казна. Аргументите на жалителот за неговото и за здравјето на неговата сопруга, медицинката операција на која таа била подложна и фактот дека тој имал семејство во тужената држава, не биле земени во предвид. Понатаму, домашните судови не го земале во предвид фактот дека тој бил континуирано во притвор сметано од 21 Октомври 2008 година, во врска со друг сет на кривични постапки.

31. Жалителот ја критикуваше Владата заради тоа што се повикува на медиумските статии во нивните поднесоци до Судот. Тој тврдеше дека неговиот случај добил голема покриеност во националните медиуми, но дека покривањето не било секогаш балансирано и објективно Медиумите помогнаа да се создаде впечаток во јавниот ум дека тој е криминалец, дури и пред да заврши кривичната постапка против него.

**(b) Владата**

32. Владата наведе дека жалителот бил уапсен на граница во Октомври 2008 година кога се обидувал да побегне во Косово[1]. Властите во Бугарија, Хрватска и Косово го барале за приведување жалителот, бидејќи тој бил осомничен за сериозни кривични дела. Дотолку поивеќе што националните власти не можеле да го најдат жалителот извесен период пред неговото апсење. Сите тие информации биле објавени во медиумите.

33. Владата потврди дека судските решенија во врска со притворот на жалителот содржеле доволни и релевантни причини. И покрај тоа што судските решенија се однесувале за неколку обвинети, сепак била направена процена од домашните судови за личните околности за секој од обвинетите. Кога бил продолжуван притворот на жалителот, домашните судови го земале предвид фактот дека тој претходно бил „во конфликт со законот„. Во исто време, против жалителот се воделе и други кривични постапки пред домашните судови. Понатаму, биле издадени и неколку меѓународни потерници за негово апсење, кој факт бил објавен во медиумите и претставувал јавно познат податок.

34. Владата призна дека во судските решенија не биле разгледани детално околностите поврзани со апсењето на жалителот и фактот дека пред неговото апсење националните власти немале пристап до него. Меѓутоа, тие сметале дека недостатокот на детали во тој поглед, не значи дека домашните судови пропуштиле да обезбедат релевантни и доволни причини за притворот на жалителот, бидејќи тие околности

[1] Сите упатувања кон Косово, без разлика дали на територијата, институциите или населението, во овој текст ќе се разберат во целосна согласност со Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на Обединетите нации и без да е во спротивност со статусот на Косово.

биле објавени во медиумите и биле јавно познати. При конкретните околности на случајот, Владата тврдеше дека притворот бил единствена ефективна мерка за обезбедување присуство на жалителот за време на судењето.

### *2. Оценка на Судот*

#### (a) Општи принципи

35. Применливите општи принципи се сумирани во *Buzadji v. the Republic of Moldova* ([GC], no. 23755/07, §§ 84-91, ECHR 2016 (extracts)); *Vasilkoski and Others* (cited above, §§ 55-57); and *Miladinov and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia* (nos. 46398/09, 50570/09 and 50576/09, §§ 45-49, 24 April 2014).

#### (b) Примена на овие принципи во конкретниот случај

36. Судот е внимателен во поглед на фактот дека жалителот бил во притвор од Октомври 2008 година во врска со неповрзана кривична постапка (*КОК бр. 3/09)*. Сепак, Судот забележува дека приговорите покренати во оваа жалба се однесуваат на периодот поминат во притвор во кривичната постапка што започнала на 26 декември 2009 година (КОК бр.17 / 10). Согласно ова, периодот кој треба се земе во предвид почнал на 25 Декември 2009 година (види парагрф 7 погоре), и завршил на 26 Јануари 2011 година, кога тој бил осуден од првостепениот суд. Притворот траел една година, еден месец и два дена.

37. Судот забележува дека четиринаесет луѓе вклучувајќи го и жалителот биле задржани во притвор со одлука на истражнен судија од 26 Декември 2009 година. Решението за притвор било засновано на сите три основи за притвор пред судење утврдени со Законот за кривична постапка, односно опасност од бегство, влијание на истрагата и опасност од повторување на делото. По завршувањето на истрагата и по поднесувањето на обвинението против обвинетите, домашните судови ги ислкучиле основите за влијание на истрагата и опасноста од повторување на делото, од листата на основи со кои се оправдува понатамошното продолжување на притворот на жалителот. За преостанатиот период единствен основ за држење на жалителот и другите обвинетите во притвор пред судењето, била опасноста од бегство.

38. Судот забележува дека во текот на целиот период што се разгледувал, домашните судови постојано се потпирале на тежината на обвиненијата и на сериозноста на казната што жалителот и другите со-обвинети се соочиле како одлучувачки елементи со кои се гарантира

продолжување на нивниот притвор (види параграфи 16 и 18 погоре). Тие исто така се повикувале на нејасни термини за претходната историја на жалителот дека е "во конфликт со законот", без понатамошно наведување дали тоа се однесувало на паралелен сет на кривични постапки или на други можни кривични предмети. Во текот на постапката за ослободување со полагање гаранција, судовите се повикувале на осудата на жалителот во паралелниот сет на кривични постапки, без оглед на фактот што сè уште немало конечна осуда (види параграф 23 погоре). Судот претходно има утврдено дека кога нема формално утврдување на претходното кривично дело со правосилна пресуда, принципот на презумција на невиност подразбира дека постапките што се само во тек, не може да се наречат доказ за склоност за вршење на кривични дела (види *Perica Oreb v. Croatia*, no. 20824/09, § 113, 31 October).

39. Владата тврдеше дека жалителот бил уапсен на границата со Косово при обид за бегство од земјата, дека пред неговото апсење националните власти не можеле да го контактираат одреден временски период и дека тој се барал по неколку меѓународни потерници, сите факти кои биле широко објавени во националните медиуми.

40. Судот забележува дека домашните судови не се осврнале на овие причини за држење на жалителот во притвор. Како што и Владата наведува во своите поднесоци, други факти кои би можеле да го поддржат заклучокот на властите за постоење потенцијал кај жалителот за бегството, може да постоеле, меѓутоа, тие не биле споменати во решенијата за притвор и не е задача на Судот да утврди такви факти и да го заземе местото на националните власти кои пресудиле за прашањето на притвор (види *Yuriy Yakovlev v. Russia*, no. 5453/08, § 73, 29 April 2010, and *Valeriy Kovalenko v. Russia*, no. 41716/08, § 49, 29 May 2012). Соодветно, причините кои Владата ги изнела за прв пат во постапката пред Судот не може да бидат земени во предвид (види *Orban v. Croatia*, no. 56111/12, § 61, 19 December 2013).

41. Што се однесува до ризикот од бегство, Судот смета дека опасноста од бегство не може да се мери единствено на основа на сериозноста на запретената казна. Иако, сериозноста на запретената казна е релевантен елемент во проценката на ризикот од бегство или опасност од повторување на делото, потребата за продолжување на лишувањето од слобода не може да се оцени од чисто апстрактна гледна точка, имајќи ја предвид само сериозноста на делото. Мора да се проценува преку бројни други релевантни факти кои може да го потврдат постоењето на опасност од бегство или може да направат опасноста да изгледа толку мала што не може да го оправда притворот пред судење. Понатаму, наредбата за продолжување на притворот, бара поцврста основа за да се покаже не само дека постоело "разумно сомнение", туку и дека имало други сериозни размислувања од јавен интерес кои, без оглед на пресумпцијата на невиност, го надминуваат правото на слобода. (види *Miladinov and Others*, цитиран погоре, § 54 и

цитираните власти). Судот забележува дека секој пат кога го продолжиле притворот на жалителот, домашните судови ја повторувале истата стереотипна формула со идентична формулација. Оттука, не постои индикација дека доволно ја процениле личната состојба на жалителот, освен само со повикување на неговиот имот и неговата семејна состојба (види параграф 16 погоре), што не било поткрепено со било какво објаснување за тоа зошто неговите лични околности го чинат притворот неопходен, со оглед на тоа дека тој имал недвижен имот и семејство, вклучувајќи деца кои сеуште биле малолетни, со место на живеење во тужената Држава. Судовите не се повикале на ниту еден пример на однесување кое би укажало на ризик од бегство. Ниту пак идентификувале било какви други сериозни прашања од јавен интерес со кои би се оправдало повторувањето на продолжувањето на неговиот притвор.

42. Освен тоа, наредбите за продолжување на притворот не биле доволни ако се земат во предвид индивидуалните околности на жалителот, бидејќи неговиот притвор бил продолжен со колективни решенија што ги опфаќале и него и другите обвинети. Праксата за издавање на колективни решенија за притвор е веќе утврдено до страна на Судот дека не е компатибилна со Членот 5 § 3 од Конвенцијата доколку тоа би овозможило продолжено притворање на група лица без процена од случај до случај за основите за притвор во однос на секој поединечен член на групата (види *Vasilkoski and Others,* цитиран погоре, § 63).

43. И на крај, Судот не е задоволен што домашните судови искрено ја разгледаа можноста за воведување на други мерки за да се обезбеди присуство на жалителот на судењето. Конкретно, во нивната оцена на барањето на жалителот за гаранција, поткрепено со значителен износ на пари како обезбедување, домашните судови константно се повикувале на тежината на обвиненијата, потенцијалната казна и фактот дека жалителот бил имал осуда во прв степен во паралелни кривични постапки, кои, како што е веќе објаснето погоре, самите по себе не може д се сметаат за доволни причини. кември Точно е дека на 6 Декември 2010 година Апелациониот суд Скопје ја уважил жалбата на жалителот и определил мерка гаранција во износ од EUR 1,340,614 и одредил домашен притвор за жалителот. Сепак, Врховниот суд ја поништи таа одлука, со која ја прогласи жалбата на жалителот за недопуштена (види параграф 25 погоре).

44. Имајќи го предвид горенаведеното, па дури и земајќи го во предвид фактот дека властите се соочуваат со особено тешка задача да се занимаваат со случај во врска со обвиненијата за организиран криминал, Судот заклучува дека со тоа што не успеале да се осврнат на конкретни, релевантни факти кои го оправдуваат притворот на жалителот или да даде вистинско разгледување на алтернативни "превентивни мерки", властите го продолжуваат притворот на жалителот врз основи кои не може да се сметаат за "релевантни и

доволни" во смисла на судската практика на Судот (види *Vasilkoski and Others*, цитиран погоре, § 64, и *Miladinov and Others*, cited above, § 58). Во вакви околности, не е неопходно да се испита дали постапката била спроведена со посебна внимателнос (види *Orban*, цитиран погоре, § 62, и *Sadretdinov v. Russia*, no. 17564/06, § 86, 24 May 2016).

45. Заради овие причини постои повреда на Членот 5 § 3 од Конвенцијата.

## II. ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА

46. Член 41 од Конвенцијата предвидува:

> “Доколку Судот најде дека постои повреда на Конвенцијата или нејзините Протоколи, и доколку внатрешното право на Високата Договорна Страна која е засегната, дозволува само делумна репарација да се направи, Судот, доколку е потребно, ќе му додели правична отштета на оштетениот. „

### A. Штета

47. Жалителот барал 5,760,000 евра (ЕУР) за материјална штета поради загуба на сопственичкиот капитал за кој тврдел дека настапил како резултат на фактот дека за време на неговиот притвор тој не бил во можност да преземе активности неопходни за нормално работење на компанијата во која бил мнозински акционер. Жалителот исто така побара и 1,850,000 евра (ЕУР) како надомест на нематеријална штета за болка и страв кои ги претрпел како резултат на неговиот притвор.

48. Владата ги оспори барањата како превисоки и неосновани.

49. Судот не утврди каква било причинско-последична врска помеѓу утврдената повреда и наводната материјална штета и затоа го отфрла тоа барање. Имајќи ги предвид сите околности на случајот, Судот прифаќа дека жалителот претрпел нематеријална штета што не може да се компензира единствено со утврдената повреда (види *Dervishi v. Croatia*, no. 67341/10, § 151, 25 September 2012). Со проценка на правична основа, Судот му доделува на жалителот 660 евра за нематеријална штета, плус било кој данок што може да му се наплати.

### B. Трошоци

50. Жалителот исто така бараше 180,000 евра (ЕУР) за трошоци кои ги предизвикал пред домашните судови и износ од 4,500 евра (ЕУР) за трошоците пред овој Суд.

51. Владата ги оспори барањата како неосновани и високи.

52. Според судската пракса на Судот, жалителот има право на надомест на трошоците и трошоците само доколку се покаже дека тие биле всушност и неопходно направени и дека се разумни во однос на квантитет. Судот посочува дека според Правилото 60 §§ 2 и 3 од Правилата на Судот “жалителот мора да поднесе детални податоци за сите барања заедно со релеватни придружни документи”, а доколку не го стори тоа Советот може да го одбие барањето во целост или делумно (види *Lazoroski v. the former Yugoslav Republic of Macedonia*, no. 4922/04, § 88, 8 October 2009).

53. Во конкретниот случај, Судот забележува дека жалителот не поднел конкретни податоци или соодветни документи кои се однесуваат на трошоците кои му биле предизвикани во домашните постапки или за оние пред овој Суд. При такви околности, Судот не може да ги додели.

**C. Затезна камата**

54. Судот смета дека е соодветно затезната каматна стапка да се заснова на најниската стапка за позајмени средства на Европската централна банка, на која треба да се додадат три процентни поени.

## ЗАРАДИ ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ, ЕДНОГЛАСНО,

1. *Ја прогласува* жалбата за допуштена согласно Член 5 § 3 во врска со недостаток на доволни причини за продолжувањето на притворот на жалителот;

2. *Смета* дека има повреда на Член 5 § 3 од Конвенцијата;

3. *Смета*
(а) дека тужената Држава треба да му плати на жалителот во рок од три месеци 660 Евра (ЕУР) (шестотини шесет и шест евра) зголемено за билок кој данок или такса која може да се наплати на име надомест на нематеријална штета, во противвредност во домашна валута на тужената Држава по среден курс применлив на денот на исплатата;
(б) дека по истекот на горенаведениот рок од три месеци до исплатата ќе се плати единствена камата на горенаведените износи по стапка еднаква на најниската каматна стапка на позајмени средства на Европската Централна Банка во периодот на плаќање плус три процентни поени;

4. *Го отфрла* остатокот од жалбата на жалителот за правичен надоместок.

Изготвено на Англиски јазик, и објавено во писмена форма на 7 Јуни 2018 година, согласно Правилото 77 §§ 2 и 3 од Правилата на Судот.

Renata Degener
Заменик Секретар

Kristina Pardalos
Претседател